Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-73/3
08.04.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-427/1 од 30.05.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје [redacted] МТС во ОЗР при СВР Куманово преку Синдикат на полиција во Македонија против [redacted] на одел за внатрешна контрола , криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи и против [redacted] во одел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА** дискриминација сторена од Министерството за внатрешни работи врз [redacted] од Скопје виш референт ракувач со МТС во ОЗР при СВР Куманово.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 30.05.2024 година е доставена претставка бр. 08-427/1 од страна на Синдикат на полиција во Македонија (СПМ) во име на [redacted] од Скопје вработена во Министерство за внатрешни работи во ОЗР при СВР Куманово.
Согласно наводите од претставката, [redacted] е вработена како [redacted] во ОЗР при СВР Куманово и е член на Синдикатот на полиција во Македонија, до кој се има обратено за да побара правна заштита, односно со цел поднесување претставка за заштита од дискриминација.

Како што наведува подносителот, [redacted] од страна на [redacted] вработен во МВР [redacted] во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), телефонски била повикана од работно место во работно време да се јави лично во службените простории на ОВККИПС - СВР Куманово. Повикот бил во врска со објавени лични фотографии, од одржан јавен политички настан на политичката партија ВМРО ДПМНЕ и текст на профил на социјална мрежа „Facebook“ во приватни активности вон работно место и вон работно време, кои не се поврзани со работата.

Откако повиканата се појавила во службените простории на ОВККИПС, истата освен [redacted] ги има затекнато и [redacted] контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР и


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

[redacted] во одел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР.

Во продолжение на претставката се наведува дека по инсистирање и кратка меѓусебна конверзација, наведените службени лица и се претставиле на [redacted] при што веднаш започнале да и поставуваат брзи прашања во вид на распит а притоа била и вербално нападната од причини што била фотографирана на јавен политички настан со уште две лица кои се занимаваат со политика и тоа дека истата таа фотографија била објавена на нејзиниот личен ФБ профил.

Подносителот (СПМ) наведува дека од страна на прво пријавениот на [redacted] и биле поставувани компромитирачки и непрофесионални прашања кои задираат во нејзината приватност при што и предизвикал чувство на вознемиреност и страв како и чувство на понижување поради принудно изложените прашања за нејзини лични и домашни проблеми. Според подносителот на претставката, создадена е застрашувачка работна средина, повреда на човечкото достоинство и груба повреда на работните права при различно и нееднакво постапување во споредба со другите вработени.

Подносителот (СПМ) наведува дека спрема [redacted] е сторена директна и индиректна дискриминација и вознемирување на работно место, заради како што наведуваат тие, ограничување на право на лична определба за политичко уверување.

Подносителот ги наведува сите службени белешки од работно место како и барања во писмена форма за добивање на правна помош од преземени активности за законска заштита заради повредна на работни права и прекршување на чл. 6 ст. 1 од Законот за работни односи, чл. 141 чл. 142 ст. 1 и 2 и чл. 144 од Колективниот договор на МВР, кои ги има поднесено [redacted]

Кон претставката копии во прилог, подносителот доставил:

Доказ 1: (Копија) - Службена белешка бр. 66/2022 год. од 15.11.2023 сочинета од страна на [redacted] како вработена во МВР.

Доказ 2: (Копија ) – Службена белешка бр. 76/2023 год. Од 21.11.2023 год. сочинета од страна [redacted] како вработена во МВР.

Доказ 3: (Образец бр. 2 на СПМ) - Барање бр. 03.10/01 од 03.05.2024 год. на [redacted] (Члена на СПМ)

Доказ 4: (Копија ) - Акт бр. 14.2.2.-2036/9 од 20.12.2023 год на ОВККИПС.

Доказ 6: (Копија)- Решение бр. 20.1.52674/1 од 18.05. 2024 год. на Министерот за внатрешни работи и Дополнителниот заменик Министер за внатрешни работи.

Во продолжение подносителот наведува дека преку несовесно, нестручно и непрофесионално постапување, пријавените го употребиле своето службено влијание и поттикнале службено дејствие и иницијатива за покренување на Предлог за дисциплинска постапка бр. 14.1.2.-2019/5 од 20.11. 2023 год. за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина.

Следствено на тоа подносителот на претставката бара од КСЗД согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација да преземе активности за


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

утврдување на фактичката состојба и да утврди директна и индиректна дискриминација поради различно постапување и вознемирување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Синдикатот на македонска полиција достави Барање за доуредување бр. 08-427/1 од 04.07.2024 год. а во согласност со член 24 став 1 и чл. 23. ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно барањето, од подносителот конкретно е побарано, да достави согласност од лицето во чии име е поднесена претставката, јасно да ги наведе фактите околностите во смисла јасно наведување на основот на дискриминација и обликот на претпоставената дискриминација.

На ден 02. 12. 2024 год. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по добиеното и разгледано доуредување бр. 08-427/5 согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Министерството за внатрешни работи, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), достави барање бр. 08-427/6 од 18.12. 2024 год. за изјаснување по наводите во претставката.

На ден 14.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди Рег. бр. 14.1.1.-1546/8-2023, заведено под бр. 08-73/1.

Во однос на добиеното барање за изјаснување од МВР известуваат дека, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) по добиено сознание (анонимна дојава) постапи по наводно непрофесионално постапување на полицискиот службеник [redacted] на работно место Референт -ракувач со МТС во СВР Куманово која на 22.10.2023 год. на социјалната мрежа „ Facebook" објавила фотографија поврзана со политичка партија.

Заради проверка на наводите во врска со добиеното сознанието ОВККИПС поднесе барање бр. 14.1.2.-2019/1 од 24.10. 2023 год. до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика (СККДФ) за да се изврши пребарување на Facebook профилот на [redacted] за да се утврди дали кај истата се објавени фотографии од нејзина страна кои упатуваат на спротивно постапување на Упатството за начинот на користење на социјални мрежи. Од страна на СККДФ доставен е одговор бр. 22/14/3-763/1 од 26.10.2023 год. со прилог 1 "ЦД" со документиран материјал од Facebook профилот со име „ [redacted]

Од преземените мерки и активности констатирано е дека од профилот на социјалните мрежи Facebook потпишана како [redacted] со профилна фотографија од полициски службеник [redacted] биле објавени две фотографии од собир на политичка партија од кои на едната фотографија во позадина се гледа логото (натпис) од политичката партија „ВМРО ДПМНЕ".

Од страна на полицискиот службеник [redacted] задолжен да постапува по предметот, а во присуство на [redacted] од ОВККИПС во


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

канцелариите на ОВККИПС во СВР Куманово извршен е разговор со полицискиот службеник [redacted] за што истата има изготвено службена белешка.

Констатирано е дека од профилот на социјалната мрежа Facebook потпишан од [redacted] со профилна фотографија од полициски службеник [redacted] објавени се фотографии на собир од политичка партија „ВМРО ДПМНЕ" на која полицискиот службеник [redacted] присуствувала, се фотографирала и фотографиите ги постирала на горенаведениот профил на социјалната мрежа „Facebook".

Врз основа на горенаведеното, ОВККИПС изготви Извештај бр. 14.1.2-20219 од 20.11.2023 год. во кој е констатирано дека полицискиот службеник [redacted] постапила спротивно на чл. 168 од Законот за внатрешни работи, односно презентирала и се фотографирала на јубилеј од политичка партија.

Со ваквото однесување според ОВККИПС, [redacted] го нарушила угледот на МВР со што постапила спротивно на чл. 25 од Законот за внатрешни работи кој гласи: „Работникот при користење на социјални мрежи потребно е да ги почитува и применува правилата утврдени во интерниот пропис за начинот на користење на социјални мрежи од страна на вработените во Министерството" и спротивно на член 26 точка1 од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во МВР кој гласи: „Работниците на Министерството избегнуваат дејствија и активности кои се во конфликт со законите или етичките норми и кои би можеле да бидат причини за нивна лична уцена, омаловажување и губење на личниот углед, достоинство и интегритет".

Врз основа на горенаведеното ОВККИПС согласно чл. 225.226 и 227 од Колективниот договор на МВР („Службен весник на СРМ " бр. 149/21,163/21, 299/21, 303/21, 32/22 и 54/23) достави ПРЕДЛОГ бр. 14.1.2-2019/5 од 20.11.2023 год. до Одделот за дисциплински и судски постапки при МВР на РСМ, за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против работникот [redacted]

Во продолжение од произнесување на ОВККИПС а во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на дискриминација по политичка основа се наведува дека Фросина ги потврдува наводите дека истата присуствувала и се фотографирала на политички настан и фотографиите ги објавила на социјалната мрежа Facebook.

Во однос на наводите дека Синдикатот на Македонската Полиција (СМП) за извршено вознемирување на работно место и дискриминација по политички основ врз вработената [redacted] од страна на вработените во ОВККИПС, се наведува дека истите постапиле согласно Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на МВР и тоа согласно чл. 5 ст. 4 кој гласи: „Работниците на Одделот можат да побараат од работниците со кои соработуваат да напишат писмено појаснување за околностите значајни за конкретен случај" според тоа истата била повикана во службените простории на ОВККИПС кои се наоѓаат во зградата на СВР Куманово, во текот на работното време, а не како што наведува [redacted] дека било побарано да го напушти работното место.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во однос на телефонскиот повик од страна на [redacted] наведува дека истиот е пензиониран од 06.06.2023 год. и неговиот службен телефон [redacted] е службен телефон кој сега е во сопственост на МВР а не е приватен телефон како што наведува [redacted]. [redacted] додека бил во служба од истиот службен телефон побарал дополнителни информации од [redacted] на чие барање таа постапила и изготвила Службена белешка бр. 14.1.1.-2343 од 03,01.2024 год. во која го наведува следното:

Од страна на полициски службеници при ОВККИПС беше внимателно прочитано поднесеното Известување од страна на [redacted] вработена во ОЗР при СВР Куманово, каде што наведува дека од страна на [redacted] била телефонски побарана на нејзиниот приватен мобилен телефон, додека била на нејзиното работно место во СВР Куманово. Од страна на ПС [redacted] била прашана во врска со изготвената службена белешка од нејзина страна со бр. 66/2023 доставена до ОВККИПС, за кое што претходно извршиле разговор. Притоа истиот почнал да и чита делови од нејзината службена белешка и ја прашал од каде добила впечаток дека тој бил видно вознемирен додека се извршувал разговорот и кажал дека пишува невистинити податоци, за што од страна на [redacted] му било одговорено дека тоа сметала да го напише и тоа го напишала и дека дополнително и се врши без потребен притисок при што разговорот завршил.

Во конкретниот случај ОВККИПС постапувал согласно Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на МВР и тоа согласно чл. 5 ст. 4 кој гласи: „Работниците на Одделот можат да побараат од работниците со кои соработуваат да напишат писмено појаснување за околностите значајни за конкретен случај“. Согласно наведениот член, откако [redacted] ја има доставено изготвената службена белешка, од страна на ПС [redacted] било констатирано дека не биле наведени околностите значајни за конкретниот случај и од таа причина повторна била побарана телефонски и согласно тоа ОВККИПС смета дека од страна на [redacted] нема елементи за непрофесионално однесување или постапување спротивно на било кои правила и прописи на МВР.

ОВККИПС ги негира и наводите изнесени од [redacted] дека не се легитимирале вработените, не се претставиле бидејќи [redacted] ги запишала нивните податоци во нејзиниот бележник односно ги негира сите наводи на повредна на достоинство, интегритет , мешање во лични проблеми и домашни работи бидејќи по нејзината изјава дека е нервозна и изморена од проблеми, и било понудено да се одложи разговор за друг пат.

Во насока на утврдување на фактичката состојба Комисијата внимателно ги има разгледано сите пропратни документи од претставката а посебно Решението на Министерот за внатрешни работи со кое се ОТФРЛА Предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр. 14.1.2.-2019/5 од 20.11.2023 год. против [redacted] - виш референт ракувач со МТС во ОЗР Куманово.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Постапувајќи по предлогот на ОВККИПС за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина по спротивно постапување согласно чл. 210 ст. 1 т. 10 од Колективниот договор на МВР, Одделението за дисциплинска постапка утврдува дека [redacted] не е одговорна за кршење на работниот реи дисциплина согласно конкретниот предлог.

Постапувајќи по предметот, Одделението за дисциплински постапки во конкретниот случај утврдило дека не постојат докази врз основа на кои ќе се потврди дека [redacted] постапувала спротивно на член 168 од Законот за внатрешни работи кој гласи:

(1) Работникот во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и преставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.

(2) Работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството , партиски да се организира или да дејствува во Министерството.

Имено во врска со објавените фотографии на „Facebook" на 22.10.2023 год. од страна на работникот [redacted], Одделението не можело да утврди во кое својство е присутен работникот односно не можело да се утврди дали е член на партијата. Исто така објавувајќи слика и текст на нејзиниот профил на социјалната мрежа „Facebook" не навела никакви недолични информации и коментари а воедно именуваната не ја сторила објавата во текот на работно време и на работно место како и тоа дека на самиот профил не е наведено дека е вработена во Министерството.

Утврдено е дека присуството на јавен настан (на кој секој може да присуствува без истакнување на партиски симболи), на работникот [redacted] не укажува на тоа дека постапила спротивно на член 168 од Законот за внатрешни работи и спротивно на правилата и прописите на Министерството.

Со оглед на ваквата утврдена фактичка состојба Одделението за дисциплински постапки ценејќи по наводите, изнесените докази и изјавите на претставниците од Синдикатот (СПМ) одлучи согласно член 242 од Колективниот договор на МВР, односно предлогот го отфрли поради тоа што се утврди дека работникот [redacted] НЕ Е ОДОГОВОРНА.

Согласно оваа донесена одлука, Министерот за внатрешни работи донесе решение со кое се ОТФРЛА Предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр. 14.1.2.-2019/5 од 20.11.2023 год. против [redacted] - виш референт ракувач со МТС во ОЗР Куманово.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката на подносителот и изјаснувањето на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата утврди дека Министерството за внатрешни работи не сторило директна дискриминација и вознемирување врз Фросина Стојчевска.

Комисијата утврди дека постапката по наводно непрофесионално постапување на полицискиот службеник [redacted] за утврдување на одговорност иницирана од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) по добиено сознание е согласно чл. 3 од Правилникот за начинот на вршење на работи ОВККИПС.

Оттука земајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не утврди дека врз [redacted] било постапувано различно, односно понеповолно во споредлива или слична ситуација во однос на останатите колеги бидејќи врз основа на донесено РЕШЕНИЕ бр. 20.1-52674/1 од 18.05. 2024 год. предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност се отфрла.

Согласно горенаведеното решение на [redacted] не и се утврдува одговорност по наводите од предлогот за поведување на дисциплинска постапка и при тоа не и е повредено ниедно материјално право ниту пак е направено вознемирување врз основа на политичка одговорност како што стои во основот на претставката.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзаровски

*Доставено до:*
*1. Синдикат на полицијата во Македонија*
*2. Министерство за внатрешни работи*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk